КОАЛИЦИЈА
СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA
SARINE BAŠO NIJAMALO KRISIPE

# МОНИТОРИНГ БРИФ

## Правосудство:
## Актуелни судски постапки

**Коалиција „Сите за правично судење“**

Ул. Македонија 11/2-10
Скопје, 1000
00 389 2 6139874
contact@all4fairtrials.org.mk

**Јануари, 2019**

**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

Тимот на Коалиција „Сите за правично судење“

**Дизајн:**

Даниел Митковски

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

### „27ми април“ КОК-40/18

Рочиштето на 15.01.2019 година се одложи поради тоа што сеуште не се правосилни решенијата по жалба од Апелациониот суд Скопје по однос на амнестијата.

Рочиштето на 21.01.2019 година се одложи поради тоа што сеуште се водат постапки по жалба пред Апелациониот суд Скопје по однос на амнестијата.

На 31.01.2019 година се одржа рочиштето по овој предмет на кое што јавниот обвинител изврши прецизирање на обвинителниот акт и ги даде своите завршни зборови.

### „Тендери“ КОК-64/17

На 15.01.2019 година се одржа рочиште на кое што продолжи постапката во фаза на изведување на докази, беа испитани 2 сведоци предложени од специјалното јавно обвинителство.

На 25.01.2019 година продолжи доказната постапка, беа испитани 2 сведоци предложени од страна на специјалното јавно обвинителство.

### „ТНТ“ КОК-53/17

На 16.01.2019 година продолжи постапката со изведување на докази на специјалното јавно обвинителство. Беа прочитани исказите на 2 сведоци дадени во истражна постапка поради тоа што едниот сведок е починат, а другиот е надвор од државата и не е достапен. На рочиштето исказ даде и оштетениот.

На 24.01.2019 година доказната постапка продолжи со презентирање на материјалните докази на специјалното јавно обвинителство, исто така беше испитано и едно вешто лице.

### „Транспортер“ КОК-30/17

На 17.01.2019 година се одржа рочиште на кое што продолжи доказната постапка, беше презентирана 1 аудио снимка и беа изведени 702 материјални докази од страна на специјалното јавно обвинителство.

### „Монструм“ КОК-66/17

На 17.01.2019 година продолжи доказната постапка каде беа констатирани претходните записници кои содржат искази дадени на претходните главни претреси. За изведување на доказите прибавени со ПИМ мерки беше исклучена јавноста, а не беше дозволено ниту присуство на набљудувач од Коалицијата како стручна јавност.

### „Насилството во општина Центар“ К-1904/16

На 18.01.2019 година продолжи доказната постапка со изведување на 2 аудио снимки и материјални докази предложени од страна на специјалното јавно обвинителство.

### „Миленко Неделковски“ К-1816/18

На 17.01.2019 година започна судењето каде што обвинет е новинарот Миленко Неделковски, беше изнесена содржината на обвинителниот предлог, обвинетиот се произнесе по однос на вина и започна доказната постапка со изведување на материјалните докази предложени од јавното обвинителство.

### „Топлик“ КОК-57/17

На 21.01.2019 година беше испитан 1 сведок предложен од страна на специјалното јавно обвинителство.

### „Титаник 3“ К-1905/17

Рочиштето на 22.01.2019 година се одложи поради процесни барања од страна на странките за кои судот треба да одлучи.

На 24.04.2019 година рочиштето беше одложено поради тоа што судот сеуште праи напори за да го пронајде сведокот што е предложен од двете странки.

### „Тамара“ К-930/18

На 23.01.2018 година продолжи доказната постапка со изведување на материјалните докази на одбраната.

### „Титаник 2“ КОК-62/17

Рочиштето на 23.01.2019 година се одложи поради тоа што потребно е време за вештачењето да се преведе на албански јазик.

Рочиштето на 29.01.2019 година се одложи поради отсуство на обвинет.

### „Титаник“ КОК-7/18

На 22.01.2019 година се одржа рочиште на кое што продолжи доказната постапка со изведување на материјалните докази кои што се предложени во листата на докази со обвинителниот акт.

### „Трезор“ КОК-60/17

На 25.01.2019 година на одржаното рочиште, специјалното јавно обвинителство побара исклучување на јавноста при испитување на сведокот согласно член 354 од ЗКП. Судот донесе решение јавноста да биде исклучена. На набљудувач од Коалицијата му беше дозволено да присуствува како стручна јавност.

### „Маџар Телком“ К-817/11

На 25.01.2019 година се одржа главен претрес по овој предмет, судот донесе решение за судење во отсуство за 3 обвинети, рочиштето продолжи со распит на еден сведок.

## „Шпион“ КОК-99/16

Рочиштето на 29.01.2019 година беше одложено по барање на одбраната.

## „Мариглен“ К-1271/16

Рочиштето на 30.01.2019 година се одложи поради отсуство на јавниот обвинител и бранителот во постапката.

## „Тарифа“ КОК-51/17

Рочиштето на 30.01.2019 година се одложи поради тоа што дел од доказите не беа преведени на македонски јазик.

## „Траекторија“ КОК-52/17

На рочиштето на 30.01.2019 година се изведуваа смс пораки на обвинетите како докази на специјалното јавно обвинителство.

## „Таргет/Тврдина“ КОК-47/17

На 31.01.2019 година продолжи доказната постапка со испитување на 1 сведок вкрстено од одбраната и обвинетите.



КОАЛИЦИЈА
СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA
SARINE BAŠO NIJAMALO KRISIPE
KOALICIONI
KOALICIJA

# МОНИТОРИНГ БРИФ

## Правосудство:
## Актуелни судски постапки


**Коалиција „Сите за правично судење“**

Ул. Македонија 11/2-10
Скопје, 1000

00 389 2 6139874
contact@all4fairtrials.org.mk



**февруари, 2019**

**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

Тимот на Коалиција „Сите за правично судење“

**Дизајн:**

Даниел Митковски

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## „27ми АПРИЛ“ КОК-40/18

На 04.02.2019 година одбраната и обвинетите започнаа да ги даваат завршните зборови. На ова рочиште само еден бранител на еден обвинет даде завршни зборови.

На 06.02.2019 година одбраната продолжи со завршните зборови, 5 бранители дадоа завршни зборови.

На 08.02.2019 година одбраната продолжи со завршните зборови, 5 бранители дадоа завршни зборови.

На 11.02.2019 година се продолжи со завршните зборови од страна на тројца бранители за двајца обвинети.

На 15.02.2019 година одбраната продолжи со давање на завршни зборови, 5 адвокати дадоа завршни зборови за 4 обвинети, а потоа уште 1 обвинет даде свои завршни зборови.

На 18.02.2019 година завршни зборови дадоа 5 обвинети.

На 19.02.2019 година завршни зборови дадоа 7 обвинети.

На 21.02.2019 година завршни зборови дадоа 4 обвинети, а потоа се произнесе и јавниот обвинител односно даде реплика на завршните зборови.

На 22.02.2019 година 10 обвинети и 4 бранители се произнесоа по репликата на јавниот обвинител. Објавата на пресудата е закажана на 15.03.2019 година во 10:00 часот.

## „МОНСТРУМ“ КОК-66/17

На 04.02.2019 година продолжи доказната постапка со изведување на докази кои што се обезбедени со посебни истражни мерки. Судот донесе решение за исклучување на јавноста, на претставник од Коалицијата му беше дозволено присуство како стручна јавност.

На 21.02.2019 година продолжи доказната постапка со изведување на докази кои што се обезбедени со посебни истражни мерки. Судот донесе решение за исклучување на јавноста, а беше дозволено само присуство на стручна јавност.

## „ТАМАРА“ К-930/18

На 04.02.2019 година продолжи доказната постапка, се изведуваа материјалните докази на одбраната.

На 14.02.2019 година продолжи доказната постапка, се испитуваше законскиот застапник на оштетената.

## „ТРАЕКТОРИЈА“ КОК-52/17

На 05.02.2019 година предметот продолжи во фаза на доказна постапка, се изведуваа материјалните докази на специјалното јавно обвинителство.

На 14.02.2019 година на рочиштето одбраната и обвинетите приговараа на смс пораките изведени како докази.

## „ТИТАНИК“ КОК-7/18

На 06.02.2019 година рочиштето се одложи поради тоа што еден обвинет беше на друг предмет.

На 13.02.2019 година рочиштето се одложи поради не спроведување на двајца обвинети од куќен притвор.

На 27.02.2019 година продолжи доказната постапка со изведување на материјалните докази на специјалното јавно обвинителство.

## „НАСИЛСТВОТО ВО ОПШТИНА ЦЕНТАР“ К-1904/16

На 06.02.2019 година рочиштето се одложи поради тоа што еден обвинет беше на друг предмет.

На 21.02.2019 година рочиштето се одложи поради тоа што еден обвинет не беше спроведен од притвор.

## „ТНТ“ КОК-53/17

На рочиштето на 07.02.2019 година продолжи доказната постапка со изведување на материјалните докази на одбраната. Беа изведени 40 материјални докази.

На 26.02.2019 година доказната постапка продолжи со изведување на материјалните докази на одбраната.

## „ТАРИФА“ КОК-51/17

На рочиштето на 07.02.2019 година се изведуваа материјални докази од страна на одбраната.

На 15.02.2019 година беа изведени материјалните докази на одбраната, рочиштето продолжи со директно испитување на еден обвинет.

На 26.02.2019 година беше испитан 1 обвинет вкрстено од специјалното јавно обвинителство и сообвинетите, а потоа и дополнително од одбраната.

## „ТОРТУРА“ К-1959/17

На рочиштето на 07.02.2019 година се испитуваа двајца сведоци повикани од страна на специјалното јавно обвинителство.

На 28.02.2019 година продолжи доказната постапка со испитување на 2 сведоци на специјалното јавно обвинителство.

## „ТОТАЛ “ К-1493/17

Рочиштето на 07.02.2019 година се одложи поради отсуство на бранителот од здравствени причини.

## „ТИТАНИК 2“ КОК-62/17

На 08.02.2019 година, специјалното јавно обвинителство ги даде своите завршни зборови за овој предмет.

На 19.02.2019 година 3 бранители и 2 обвинети ги дадоа своите завршни зборови.

На 28.02.2019 година 3 бранители и 1 обвинет дадоа завршни зборови. Пресудата ќе биде јавно објавена на 08.03.2019 година во 12:30 часот.

## „ТАРГЕТ/ТВРДИНА“ КОК-47/17

На 12.02.2019 година продолжи доказната постапка со испитување на 1 сведок од страна на специјалното јавно обвинителство.

На 21.02.2019 година рочиштето се одложи по барање на одбраната и поради отсуство на еден бранител.

На 26.02.2019 година на рочиштето беше испитан 1 сведок директно од специјалното јавно обвинителство.

## „ТРЕЗОР“ КОК-60/17

На 13.02.2019 година судот донесе решение за исклучување на јавноста поради испитување на сведок. Судот дозволи присуство на набљудувач од Коалицијата како стручна јавност.

На 20.02.2019 година се испитуваа сведоци предложени од специјалното јавно обвинителство. За еден сведок судот донесе решение за исклучување на јавноста.

## „ТРЕВНИК“ К-238/18

На 15.02.2019 година беа сослушани двајца сведоци предложени од Специјалното јавно обвинителство.

## „ТАЛИР“ К-3/19

На 18.02.2019 година започна судската постапка, првото рочиште се одложи поради отсуство на еден обвинет.

## „ТРУСТ“ – второстепена постапка пред Апелационен суд Скопје КЖ-1026/18

На 21.02.2019 година се одржа јавна седница на која беше реферирана првостепената пресуда, а потоа беа образложени и жалбените наводи на странките.

## „ТЕНДЕРИ“ КОК-64/17

На 22.02.2019 година се одржа рочиште на кое што продолжи доказната постапка, беше испитан 1 сведок предложен од Специјалното јавно обвинителство.

## „МИЛЕНКО НЕДЕЛКОВСКИ“ К-1816/18

На 22.02.2019 година продолжи доказната постапка со изведување на материјалните докази на јавното обвинителство.

## „ТВРДИНА 2“ К-1129/18

Рочиштето на 25.02.2019 година се одложи поради тоа што судот треба да се обрати до Министерството за правда во однос на екстрадицијата на обвинетиот во постапката.

## „ТЕНК“ (раздвоена постапка) – второстепена постапка пред Апелационен суд Скопје

На 25.02.2019 година се одржа јавна седница на која беше реферирана првостепената пресуда, а потоа беа образложени и жалбените наводи на бранителите и обвинетата.




# МОНИТОРИНГ БРИФ

## Правосудство:
## Актуелни судски постапки

**Коалиција „Сите за правично судење“**

Ул. Македонија 11/2-10
Скопје, 1000

00 389 2 6139874
contact@all4fairtrials.org.mk

март, 2019

**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

Тимот на Коалиција „Сите за правично судење“

**Дизајн:**

Даниел Митковски

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## „МОНСТРУМ“ КОК-66/17

На 01.03.2019 година постапката продолжи во фаза на изведување на докази. Се изведуваа докази прибавени со посебни истражни мерки.

На 13.03.2019 година продолжи судскиот процес со изведување на докази прибавени со посебни истражни мерки.

На 22.03.2019 година главната расправа продолжи во фаза на доказна постапка со изведување на докази прибавени со посебни истражни мерки.

На 27.03.2019 година рочиштето за главен распит продолжи во фаза на доказна постапка со изведување на докази прибавени со посебни истражни мерки.

## „ТОПЛИК“ КОК-57/17

Рочиштето на 04.03.2019 година се одложи поради непотполн судечки совет.

На 20.03.2019 година, рочиштето за главна расправа продложи во фаза на доказна постапка и притоа претставник на Државно правобранителство на РМ се произнесе по однос на оштетното побарување а изведени беа вкупно 39 материјални докази од страна на одбраната.

## „ТАМАРА“ К-930/18

На 04.03.2019 година на одржаното рочиште се испитуваше оштетената.

## „ТРАНСПОРТЕР“ КОК-30/17

Рочиштето на 05.03.2019 година се одложи поради отсуство на еден обвинет од здравствени причини.

## „ТРАЕКТОРИЈА“ КОК-52/17

Рочиштето на 05.03.2019 година се одложи поради отсуство на јавниот обвинител.

На 13.03.2019 година продолжи постапката со изведување на материјалните докази од страна на специјалното јавно обвинителство.

## „НИКОЛА САЗДОВСКИ“ К-1788/18

Рочиштето на 05.03.2019 се одложи поради недоволно време за изготвување вешт наод и мислење.

На 19.03.2019 година доказната постапка продолжи со испитување на вешто лице.

На 28.03.2019 година рочиштето се одложи поради отсуство на бранител.

## „ТРЕВНИК“ К-238/18

Рочиштето на ден 06.03.2019 година се одложи поради отсуство на еден обвинет од здравствени причини.

На 29.03.2019 година рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со испитување на еден сведок предложен од страна на јавниот обвинител.

## „ТИТАНИК“ КОК-7/18

Рочиштето на ден 06.03.2019 година се одложи поради тоа што еден од обвинетите беше присутен на друго рочиште.

На 08.03.2019 година продолжи рочиштето во фаза на доказна постапка, се изведуваа материјални докази на специјалното јавно обвинителство.

На рочиштето на 11.03.2019 година беа изведени 239 материјални докази од страна Специјалното јавно обвинителство.

На 19.03.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со изведување на материјални докази предложени од страна на  Специјалното јавно обвинителство.

На 25.03.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на обвинет.

## „ НАСИЛСТВО ВО ОПШТИНА ЦЕНТАР“ К-1904/16

На рочиштето од ден 06.03.2019 година беа изведени материјалните докази на Специјалното јавно обвинителство.

## „ТАЛИР“ КОК-3/19

Рочиштето на ден 07.03.2019 година се одложи поради отсуство на бранителот на обвинетото правно лице.

## „ТИТАНИК 2“ КОК-62/17

На 08.03.2019 година беше објавена пресудата за предметот „Титаник 2“, судот донесе осудителна пресуда за сите обвинети во оваа постапка. Обвнетиот Мендух Тачи е прогласен за виновен и осуден на ефективна казна затвор во траење од 3 години и 2 месеци, обвинетиот Бедрадин Ибраими е прогласен за виновен и осуден на ефективна казна затвор во траење од 4 години и 6 месеци. Обвинетите Влатко Сајковски, Сашо Срцев, Анета Стефановска и Сашо Мијалков се прогласени за виновни и осудени на ефективна казна затвор во траење од 3 години.

По предлог на Специјалното јавно обвинителство судот донесе решение за определување мерка притвор за 2 обвинети и определеување мерки на претпазливост за 4 обвинети.

## „ТРИСТА“ КОК-7/19

Апелациониот суд Скопје предметот „Триста“ го врати на повторување на постапката. На 12.03.2019 година повторно започна постапката по овој предмет, беа дадени воведни говори од страна на Специјалното јавно обвинителство и одбраната.

## „ТНТ“ КОК-53/17

На 12.03.2019 година продолжи судскиот процес по овој предмет со испитување на технички советник од страна на одбраната.

На 18.03.2019 година продолжи доказната постапка со испитување на вешто лице.

На 21.03.2019 година главната расправа продолжи во фаза на доказна постапка со испитување на еден сведок предложен од страна на јавниот обвинител.

## „ТЕНДЕРИ“ КОК-64/17

На 14.03.2019 година рочиштето се одложи ппоради тоа што сведоците кои што беа повикани од страна на судот не беа присутни.

## „ТАРГЕТ/ТВРДИНА“ КОК-47/17

На 14.03.2019 година се одржа рочиште на кое што се испитување 1 сведок од страна на Специјалното јавно обвинителство.

Рочиштето за главна расправа на ден 26.03.2019 година се одложи поради закажана јавна седница на Апелациониот суд Скопје во врска со разгледување на жалба против решение на еден од обвинетите во предметот.

## „ТРЕЗОР“ КОК-60/17

На 18.03.2019 година продолжи доказната постапка со испитување на еден сведок од страна на Специјалното јавно обвинителство.

На 27.03.2019 година главната расправа продолжи во фаза на доказна постапка и притоа беа испитани двајца сведоци предложени од страна на јавниот обвинител.

## „МАЏАР ТЕЛЕКОМ“ К-817/11

На 18.03.2019 година продолжи доказната постапка со испитување на еден сведок.

На 20.03.2019 година продолжи доказната постапка со сослушување на еден сведок.

На 27.03.2019 година продолжи доказна постапка и притоа беше испитан еден сведок на предлог на одбраната.

## „27ми АПРИЛ“ КОК-40/18

На 15.03.2019 година беше јавно објавена пресудата. Судот ги прогласи за виновни и ги осуди 16 лица на ефективна затворска казна, а за 1 лице донесе ослободителна пресудата. По предлог на Јавниот обвинител судот определи мерка притвор за сите 16 лица.

## „ТЕНКОВИ“ К-1978/16

Рочиштето на 19.03.2019 година се одложи поради отсуство на претставникот од Министерството за одбрана.

## „ТАРИФА“ КОК-51/17

На 20.03.2019 година рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на испитување на еден обвинет.

На 21.03.2019 година се продожи со вкрстено испитување на обвинетиот од страна на јавниот обвинител и се започна со директно испитување на сведок од странство предложен од страна на одбраната.

На 22.03.2019 година се продолжи со вкрстено испитување на сведокот од странство од страна на јавниот обвинител.

## „ТОТАЛ“ КБР.1493/17

На 26.03.2019 година рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на претставник на едно обвинето правно лице.

## „РОВЕР“ К-2454/15

На 29.03.2019 година рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на двајца обвинети.




# МОНИТОРИНГ БРИФ

## Правосудство:
## Актуелни судски постапки

**Коалиција „Сите за правично судење“**

Ул. Македонија 11/2-10
Скопје, 1000

00 389 2 6139874
contact@all4fairtrials.org.mk



април, 2019

**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

Тимот на Коалиција „Сите за правично судење“

**Дизајн:**

Даниел Митковски

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## „МОНСТРУМ“ КОК-66/17

На 18.04.2019 година рочиштето за главна расправа се одложи поради непотполн судечки совет.

## „ТОПЛИК“ КОК-57/17

Рочиштето за главна расправа на 17.04.2019 година се одложи поради непотполн судечки совет.

## „ТРАЕКТОРИЈА“ КОК-52/17

На 04.04.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со изведување на материјални докази предложени од страна на јавниот обвинител.

На 12.04.2019 година, на рочиштето за главна расправа беа изведени материјални докази од страна на јавниот обвинител.

На 18.04.2019 година на рочиштето за главна расправа се изведуваа материјални докази од страна на Специјалното јавно обвинителство.

## „НИКОЛА САЗДОВСКИ“ К-1788/18

На 12.04.2019 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани двајца вештаци од областа на невро-психијатрија предложени од страна на одбраната.

На рочиштето за главна расправа на 16.04.2019 година беа дадени завршни зборови од страна на странките во постапката.

На 23.04.2019 година, јавно беше објавена пресудата со која што двајцата обвинети беа огласени за виновни и осудени на ефективна казна затвор во траење од 19 години. Дополнително, по предлог на јавниот обвинител мерката притвор е продолжена.

## „ТИТАНИК“ КОК-7/18

На 05.04.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со изведување на материјални докази од страна на јавниот обвинител.

На 15.04.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради непотполн судечки совет.

На 23.04.2019 година, се изведуваа материјални докази од страна на обвинителството.

## „ НАСИЛСТВО ВО ОПШТИНА ЦЕНТАР“ К-1904/16

На 01.04.2019 година рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со изведување на материјални докази предложени од страна на јавниот обвинител.

На 08.04.2019 година рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со изведување на материјални докази предложени од страна на одбраната.

На 19.04.2019 година, на рочиштето за главна расправа беа изведени материјални докази како и испитан еден сведок предложени од страна на одбраната.

## „ТАЛИР“ КОК-3/19

На 02.04.2019 година рочиштето за главна расправа се одложи по барање на одбраната со образложение дека не им биле доставени целосно листите на докази од страна на СЈО.

На 16.04.2019 година рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на претставник на обвинетото правно лице.

## „ТРИСТА“ КОК-7/19

На 09.04.2019 година рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со испитување на еден сведок предложен од страна на јавниот обвинител.

На 12.04.2019 година на рочиштето за главна расправа беа испитани двајца сведоци предложени од страна на јавниот обвинител.

На 17.04.2019 година на рочиштето за главна расправа се изведуваа материјални докази на Специјалното јавно обвинителство.

## „ТНТ“ КОК-53/17

На 03.04.2019 година рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со испитување на пет сведоци предложени од страна на одбраната.

На 19.04.2019 година рочиштето за главна расправа беше одложено поради непотполн судечки совет.

На 22.04.2019 година рочиштето за главна расправа продожи во фаза на доказна постапка со испитување на еден сведок предложен од страна на одбраната.

## „ТЕНДЕРИ“ КОК-64/17

На 04.04.2019 година рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со испитување на двајца сведоци предложени од страна на јавниот обвинител.

## „ТАРГЕТ/ТВРДИНА“ КОК-47/17

На 03.04.2019 година на рочиштето за главна расправа се испитуваше еден сведок вкрстено од страна на одбраната. Рочиштето беше прекинато поради влошување на здравствената состојба на еден обвинет.

## „ТРЕЗОР“ КОК-60/17

На 16.04.2019 година на рочиштето за главна расправа беа испитани двајца сведоци. Претседателот на судечки совет донесе решение за исклучување на јавност, а на претставник на Коалицијата Сите за правично судење му беше дозволено присуство во својство на стручна јавност.

На 23.04.2019 година рочиштето за главна расправа беше исклучена јавноста. Истото продолжи во фаза на доказна постапка и притоа беше испитан еден сведок.

## „МАЏАР ТЕЛЕКОМ“ К-817/11

На 24.04.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на еден сведок.

## „ТЕНКОВСКИ ДЕЛОВИ“ К-1978/16

На 09.04.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на јавниот обвинител и претставници на Државно правобранителство на РСМ и Министерството за одбрана.

На 19.04.2019 година на рочиштето за главна расправа беше испитан претставник од Министерство за одбрана.

## „ТАРИФА“ КОК-51/17

На 18.04.2019 година на рочиштето за главна расправа беа предложени нови докази од страна на странките во постапката.

Рочиштето закажано за 23.04.2019 година се одложи поради непотполн судечки совет.

## „ТОТАЛ“ КБР.1493/17

На 08.04.2019 година рочиштето за главна расправа се одложи на барање на одбраната. На ова рочиште дадени се само приговори поврзани со предметот и постапката за кои судот треба дополнително да одлучи.

## „МАРИГЛЕН“ КБР.1217/16

На 04.04.2019 година рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на бранителот.

## „ТВРДИНА 2“ КБР.1129/18

На 05.04.2019 година на рочиштето за главна расправа, постапката започна одново со изнесување на содржина на обвинетелниот предлог и изведување на материјални докази на обвинителството. На почеток на расправата, судот донесе решение за судење во отсуство на обвинетиот.

На 15.04.2019 година рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со изведување на материјални докази како и со сослушување на еден сведок предложени од страна на јавниот обвинител.

## „ШПИОН“ КОК-99/16

На рочиштето за главна расправа на 16.04.2019 година, постапката се раздвои за еден обвинет а дополнително беше испитан и еден сведок.

## „ТИТАНИК 3“ КБР.1905/17

На рочиштето за главна расправа на 17.04.2019 година беа испитани вкупно 13 сведоци.



KOALICIONI КОАЛИЦИЈА KOALICIJA
СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA
SARINE BAŠO NIJAMALO KRISIPE

# МОНИТОРИНГ БРИФ

## Правосудство:
## Актуелни судски постапки

**Коалиција „Сите за правично судење“**


Ул. Македонија 11/2-10
Скопје, 1000

00 389 2 6139874
contact@all4fairtrials.org.mk




мај, 2019

**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

Тимот на Коалиција „Сите за правично судење“

**Дизајн:**

Даниел Митковски

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## „МОНСТРУМ“ КОК-66/17

На 06.05.2019 година, на рочиштето беа испитани  тројца сведоци предложени од страна на одбраната.

На 14.05.2019 година, рочиштето за главен претрес продолжи во фаза на доказна постапка и притоа беа испитани вкупно двајца сведоци.

## „ТОПЛИК“ КОК-57/17

На 17.05.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на  бранители и еден од  обвинетите.

## „ТРАЕКТОРИЈА“ КОК-52/17

На 10.05.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со изведување на материјални докази предложени од страна на СЈО.

На 14.05.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со испитување на сведоци, и притоа беа испитани вкупно двајца сведоци.

## „ТИТАНИК“ КОК-7/18

На 08.05.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради непотполн судечки совет.

На 13.05.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на еден од обвинетите а заради здравствени причини.

На 27.05.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на еден од обвинетите кој до судот доставил лекарска документација со која што потврдува дека истиот се наоѓа на болничко лекување.

На 31.05.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на еден од обвинетите.

## „ НАСИЛСТВО ВО ОПШТИНА ЦЕНТАР“ К-1904/16

На 15.05.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на еден од обвинетите.

## „ТАЛИР“ КОК-3/19

На 16.05.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на двајца бранители.

На 28.05.2019 година, рочиштето за главна расправа е одложено поради отсуство на обвинет.

## „ЗМИСКО ОКО“ КОК-38/16

Рочиштето на 06.05.2019 година се одложи поради отсуство на дел од обвинетите.

## „ТРИСТА“ КОК-7/19

На 10.05.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на вешто лице и обвинет.

На 17.05.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради поднесен приговор од страна на одбраната по однос на дозволеноста предметниот вештак да биде испитан со оглед дека истиот во периодот кога го вршел вештачењето, не поседувал валидна лиценца за вештак. Судечкиот совет донесе одлука со која го повлече решението вештото лице да биде испитано.

На 21.05.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со изведување на материјални докази од страна на јавниот обвинител.

На 30.05.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради потребно време за изготвување на вештачење побарано од страна на судот.

## „ТНТ“ КОК-53/17

На 15.05.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка и притоа беа испитани вкупно 4 сведоци предложени од одбраната.

На 22.05.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на обвинет.

На 30.05.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со испитување на двајца сведоци.

## „ТАМАРА“ К-930/18

На 06.05.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со испитување на сведок предложен од страна на застапникот на обвинението.

## „ТЕНДЕРИ“ КОК-64/17

На 09.05.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на претседателот на судечки совет.

## „ТЕНКОВСКИ ДЕЛОВИ“ К-1978/16

На 21.05.2019 година, рочиштето за главен претрес се одложи поради отсуство на претставник од Министерството за одбрана, кој беше повикан да се произнесе по однос на штета.

## „ТАРИФА“ КОК-51/17

На 21.05.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради непотполн судечки совет.

## „ТОТАЛ“ К-1493/17

На 30.05.2019 година, на рочиштето за главна расправа, странките во постапката дадоа воведен говор.

## „МАРИГЛЕН“ К-1217/16

На 31.05.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на бранител.

## „ТВРДИНА 2“ К-1129/18

Рочиштето за главна расправа на ден 17.05.2019 година се одложи поради отсуство на бранител.

## „ТРЕВНИК“ КБР.238/18

На 03.05.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со испитување на двајца обвинети на предлог на одбраната.

На 31.05.2019 година рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка, притоа беа изведени материјални докази на обвинителството како реплика на веќе изведени докази на одбраната.

## „ТИТАНИК 3“ К-1905/17

На 08.05.2019 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани 2 сведоци, додека пак останатите 12 сведоци изјавија дека остануваат на веќе дадените искази за време на претходните рочишта за главна расправа.

На 22.05.2019 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани вкупно 5 сведоци предложени од страна на јавниот обвинител.

## „ТОРТУРА“ КБР.1959/17

На 10.05.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со испитување на вкупно 4 сведоци.

На 22.05.2019 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани вкупно 4 сведоци предложени од страна на јавниот обвинител.

## „МИЛЕНКО НЕДЕЛКОВСКИ“ К-1816/18

На 10.05.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со изведување на материјални докази како и испитување на обвинетиот на предлог на одбраната.

## „ТРАНСПОРТЕР“ КОК-30/17

На 13.05.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со изведување на материјални докази од страна на јавниот обвинител.

## „ДИВО НАСЕЉЕ“ КОКЖ-3/18

На 16.05.2019 година, се одржа јавна седница пред Апелационен суд Скопје, при што судијата известител ја реферираше првостепената пресуда.

На 17.05.2019 година, се продолжи со јавната седница пред Апелационен суд Скопје, при што од страна на јавното обвинителство и бранителите беа изнесени жалбените наводи.

## „РОВЕР “ К-2454/15

На 17.05.2019 година, главниот претрес се одложи поради отсуство на дел од обвинетите.

## „ШПИОН “ КОК-99/16

На 20.05.2019 година, на рочиштето за главен претрес беше сослушан еден сведок.

На 30.05.2019 година, рочиштето за главен претрес се одложи поради отсуство на обвинет.

## „БОЖИНОВСКИ“ КОК-46/19

На 29.05.2019 година постапката по овој предмет откако беше раздвоена започна одново, предметот е во фаза на изведување на докази.




# МОНИТОРИНГ БРИФ

## Правосудство:
## Актуелни судски постапки

**Коалиција „Сите за правично судење“**

Ул. Македонија 11/2-10
Скопје, 1000

00 389 2 6139874
contact@all4fairtrials.org.mk



јуни, 2019

**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

Тимот на Коалиција „Сите за правично судење“

**Дизајн:**

Даниел Митковски

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## „МОНСТРУМ“ КОК-66/17

На 05.06.2019 година, рочиштето за главен претрес продолжи во фаза на доказна постапка со сослушување на 6 сведоци предложени од страна на одбраната.

На 24.06.2019 година, рочиштето за главен претрес се одложи поради отсуство на двајца сведоци од причина што истите не беа спроведени.

## „ТОПЛИК“ КОК-57/17

На 11.06.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со сослушување на 3 сведоци предложени од страна на одбраната.

## „ТРАЕКТОРИЈА“ КОК-52/17

На 06.06.2019 година, на рочиштето за главна расправа се испитуваше вештак и тоа вкрстено од страна на одбраната.

На 26.06.2019 година, на рочиштето за главна расправа се испитуваше вештак, вкрстено од страна на одбраната.

## „ТИТАНИК“ КОК-7/18

На 10.06.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со изведување на материјални докази предложени од страна на Специјалното јавно обвинителство.

На 13.06.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со изведување на материјалните докази предложени од страна на застапникот на обвинението.

На 25.06.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на двајца обвинети од причина што истите не беа спроведени од куќен притвор.

## „ НАСИЛСТВО ВО ОПШТИНА ЦЕНТАР“ К-1904/16

На 05.06.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка и притоа беше сослушан еден сведок предложен од страна на одбраната.

На 19.06.2019 година, на рочиштето за главна расправа беа сослушани вкупно тројца сведоци предложени од страна на одбраната.

## „ТАЛИР“ КОК-3/19

На 12.06.2019 година, на рочиштето за главна расправа беше утврден идентитетот на обвинетите.

На 28.06.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради непотполн судечки совет.

## „ЗМИСКО ОКО“ КОК-38/16

На 12.06.2019 година, рочиштето за главен претрес се одложи поради тоа што предметот со сите списи сѐ уште не е вратен од Врховен суд, каде се одлучува по однос на неколку поднесени барања за повреда на право за судење во разумен рок.

## „ТРИСТА“ КОК-7/19

На 11.06.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради тоа што вештиот наод и мислење не биле изготвени.

## „ТНТ“ КОК-53/17

На 07.06.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со испитување на 2 сведоци предложени од страна на одбраната.

На 27.06.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради непотполн судечки совет.

## „ТАМАРА“ К-930/18

На 03.06.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со испитување на сведок, директно од страна на одбраната. Од причина што

истиот сведок беше прогласен за непријателски, одбраната премина на негово вкрстено испитување.

На 07.06.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со испитување на двајца сведоци.

## „ТЕНДЕРИ“ КОК-64/17

На 06.06.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со испитување на двајца сведоци предложени од страна на јавниот обвинител.

## „ТЕНКОВСКИ ДЕЛОВИ“ К-1978/16

На 12.06.2019 година, рочиштето за главен претрес се одложи поради отсуство на јавен обвинител.

## „ТАРИФА“ КОК-51/17

На 25.06.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на еден од обвинетите.

На 27.06.2019 година, на рочиштето за главна расправа во дополнение на доказна постапка беа изведени материјални докази предложени од страна на јавниот обвинител.

## „ТВРДИНА 2“ К-1129/18

На 12.06.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со испитување на еден сведок предложен од страна на јавниот обвинител.

## „ТИТАНИК 3“ К-1905/17

На 13.06.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка и притоа беа испитани 3 сведоци, со решение на судот се одлучи да се прочита исказ на четвртиот сведок даден пред обвинителство од причина што истиот е недостапен за органите на прогонот.

## „ТОРТУРА“ КБР.1959/17

На 20.06.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на обвинет и сведоци.

## „ТРАНСПОРТЕР“ КОК-30/17

На 06.06.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со изведување на материјални докази предложени од страна на јавниот обвинител.

## „ТАРГЕТ/ТВРДИНА“ КОК-47/17

На 11.06.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со испитување на двајца сведоци предложени од страна на Специјалното јавно обвинителство.

На 18.06.2019 година, на рочиштето за главна расправа беше испитан еден сведок предложен од страна на Специјалното јавно обвинителство.

## „МАЏАР ТЕЛЕКОМ“ К-817/11

На 19.06.2019 година, на рочиштето за главен претрес беше испитан еден сведок.

На 24.06.2019 година, рочиштето за главен претрес се одложи поради барање за иземање на судија поротник во предметот од страна на бранителот на првообвинетиот.

## „ТОТАЛ“ КБР.1493/17

На 20.06.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на обвинет.

## „ТРЕЗОР“ КОК-60/17

На 24.06.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со испитување на двајца сведоци предложени од страна на Специјалното јавно обвинителство.

На 17.06.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи.



KOALICIONI КОАЛИЦИЈА KOALICIJA
СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA
SARINE BAŠO NIJAMALO KRISIPE

# МОНИТОРИНГ БРИФ

## Правосудство:
## Актуелни судски постапки

**Коалиција „Сите за правично судење“**

Ул. Македонија 11/2-10
Скопје, 1000
00 389 2 6139874
contact@all4fairtrials.org.mk

јули, 2019

**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

Тимот на Коалиција „Сите за правично судење“

**Дизајн:**

Даниел Митковски

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## „МОНСТРУМ“ КОК-66/17

На 01.07.2019 година, на рочиштето за главен претрес се изведоа како докази искази на сведоци кои што биле дадени на записник во претходната постапка.

## „ТОПЛИК“ КОК-57/17

На 11.07.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради тоа што 2 обвинети не се спроведени од притвор како и поради непотполн судечки совет.

## „ТИТАНИК“ КОК-7/18

На 05.07.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради непотполн судечки совет.

## „ТАЛИР“ КОК-3/19

На 09.07.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на претставник на обвинетото правно лице, политичката партија ВМРО- ДПМНЕ.

## „ЗМИСКО ОКО“ КОК-38/16

На 05.07.2019 година, рочиштето за главен претрес се одложи поради тоа што предметот со сите списи е се уште во Врховен суд, а дополнително отсустни беа и дел од обвинетите и нивните бранители.

## „ТРИСТА“ КОК-7/19

На 02.07.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради неспорведување на обвинетиот од истражниот затвор Шутка.

## „ТНТ“ КОК-53/17

На 04.07.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради непотполн судечки совет.

## „ТРЕВНИК“ КБР.238/18

На 02.07.2019 година, на рочиштето за главна расправа беа дадени завршни зборови од страна на странките во постапката.

На 04.07.2019 година беше јавно објавена пресудата. Судот донесе ослободителна пресуда за тројцата обвинети во овој предмет.

## „ТЕНДЕРИ“ КОК-64/17

На 09.07.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради преклопување на предмети, односно во исто време е насрочен и друг предмет во кој суди истиот претседател на судечки совет.

На 10.07.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на обвинет.

## „ТАРИФА“ КОК-51/17

На 03.07.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на еден од обвинетите.

На 09.07.2019 година, на рочиштето за главна расправа беа сослушани вкупно четири сведоци, предложени од страна на Специјалното јавно обвинителство.

На 11.07.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка и притоа беа сослушани вкупно четири сведоци предложени од страна на јавниот обвинител.

## „ТОРТУРА“ КБР.1959/17

На 05.07.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со сослушување на двајца сведоци.

## „ТРАНСПОРТЕР“ КОК-30/17

На 08.07.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со изведување на материјални докази од страна на Специјалното јавно обвинителство.

## „ТАРГЕТ/ТВРДИНА“ КОК-47/17

На 08.07.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка и притоа беше испитан еден сведок предложен од страна на јавниот обвинител.

## „ТОТАЛ“ КБР.1493/17

На 11.07.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи, поради отсуство на кадар кој работи за поставување на техничка орема за визуелно и тонско снимање.

## „ТРЕЗОР“ КОК-60/17

На 01.07.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка и притоа беше сослушан еден сведок предложен од страна на јавниот обвинител. Дополнително,на рочиштето беше дозволено присуство на стручна јавност, од причина што јавноста беше исклучена во дел од испитувањето на сведокот.

## „БОЖИНОВСКИ “ КОК-46/19

На 12.07.2019 година, главниот претрес беше одложен поради отсуство на двајца сведоци.

## „МИЛЕНКО НЕДЕЛКОВСКИ“ КБР.1816/18

На 04.07.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со испитување на еден сведок предложен од страна на јавниот обвинител.

## „ЛИКВИДАЦИЈА“ КОК-38/19

На 02.07.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради непотполн судечки совет.

## „МАЏАР ТЕЛЕКОМ“ КБР.817/11

На 04.07.2019 година, на рочиштето за главен претрес беа изведени материјални докази.

КОАЛИЦИЈА KOALICIONI KOALICIJA
СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA
SARINE BAŠO NIJAMALO KRISIPE

# МОНИТОРИНГ БРИФ

## Правосудство: Актуелни судски постапки


Коалиција „Сите за правично судење“

Ул. Македонија 11/2-10
Скопје, 1000

00 389 2 6139874
contact@all4fairtrials.org.mk


септември, 2019

**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

Тимот на Коалиција „Сите за правично судење“

**Дизајн:**

Даниел Митковски

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## „ЗМИСКО ОКО“ КОК-38/16

На 02.09.2019 година, на рочиштето за главен претрес, на прашање на судот, обвинетите изјавија дека остануваат на претходно дадените искази.

На 26.09.2019 година, на рочиштето за главен претрес беа испитани 2 вешти лица.

## „РОВЕР“ КБР.2454/15

На 02.09.2019 година, рочиштето за главен претрес продолжи во фаза на доказна постапка со изведување на материјални докази.

## „ТВРДИНА 2“ КБР.1129/18

На 02.09.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на бранителот на обвинетиот.

На 04.09.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со директно испитување на еден сведок предложен од страна на застапникот на обвинението.

## „БОЖИНОВСКИ“ КОК-46/19

На 03.09.2019 година, на рочиштето за главен претрес, постапката формално започна од почеток поради протек од 60 дена. Обвинетиот и сведокот изјавија дека останува на претходно дадените искази.

## „ТРАЕКТОРИЈА“ КОК-52/17

На 03.09.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка и притоа беа изведени вкупно 2 материјални докази.

На 16.09.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи по барање на застапникот на обвинението, а во врска со примопредавањето на предметите во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

На 30.09.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со испитување на вешто лице, притоа истото беше испитано вкрстено од страна на одбраната. Рочиштето беше прекинато поради тоа што вештото лице изјави дека не е спремен да продолжи со давањето на исказ.

## „ЛИКВИДАЦИЈА“ КОК-38/19

На 03.09.2019 година, рочиштето за главен претрес се одложи откако обвинителството побара запирање на постапката за дел од обвинетите за кои постои правна пречка за натамошно водење на постапката поради застареност на кривичното гонење.

## „ТАМАРА“ КБР.930/18

На 04.09.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на еден од обвинетите.

На 24.09.2019 година, постапката почна одново поради протек на 90 дена, потоа беше испитан 1 сведок.

## „ТИТАНИК“ КОК-7/18

На 04.09.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со изведување на материјални докази предложени од страна на јавниот обвинител.

На 13.09.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи по барање на јавниот обвинител од Специјалното јавно обвинителство.

На 24.09.2019 година, на рочиштето за главна расправа во фаза на доказна постапка, беа изведени материјални докази предложени од страна на застапникот на обвинението.

На 26.09.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со изведување на материјални докази предложени од страна на јавниот обвинител.

## „ШПИОН“ КОК-99/16

На 05.09.2019 година, главниот претрес формално започна од почеток поради протек на 60 дена. Јавниот обвинител изјави дека останува на обвинителен акт во целост, а обвинетите изјавија дека остануваат на својот исказ претходно даден. Дополнително, на ова рочиште во фаза на доказна постапка, формално се изведоа и материјални докази.

## „ЛАСКАРЦИ“ КБР.1407/19

На 05.09.2019 година, на рочиштето за главна расправа беа дадени воведни говори од страна на странките во постапката.

На 16.09.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на еден од обвинетите од здравствени причини.

## „МОНСТРУМ“ КОК-66/17

На 05.09.2019 година, рочиштето за главен претрес продолжи во фаза на доказна постапка со изведување на материјални докази предложени од страна на застапникот на обвинението.

На 18.09.2019 година, рочиштето за главен претрес продолжи во фаза на доказна постапка и притоа беа изведени материјални докази односно 25 аудио снимки предложени од страна на јавниот обвинител.

## „ТАРГЕТ/ТВРДИНА“ КОК-47/17

На 06.09.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на сведок.

На 23.09.2019 година, на рочиштето за главна расправа во фаза на доказна постапка беше директно испитан 1 сведок предложен од страна на јавниот обвинител.

## „ТОПЛИК“ КОК-57/17

На 06.09.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка и притоа беа испитани вкупно 3 сведоци предложени од страна на одбраната.

## „ТРИСТА“ КОК-7/19

На 06.09.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на вешто лице.

На 11.09.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на технички советник.

На 20.09.2019 година, постапката започна од почеток поради протек на 90 дена, при што беше утврден идентитет на обвинетиот а странките изјавија дека остануваат на своите наводи претходно изнесени во постапката.

На 30.09.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со испитување на вешто лице и технички советник.

## „ТАРИФА“ КОК-51/17

На 12.09.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на технички советник.

На 06.09.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на вешто лице.

На 19.09.2019 година, на рочиштето за главна расправа во дополнение на доказна постапка беа испитани 2 вешти лица предложени од страна на обвинителството, а по однос на околности наведени во приговор на изготвените вештачења, кој што е доставен од страна на одбраната.

## „ТРЕЗОР“ КОК-60/17

На 26.09.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на обвинет.

На 27.09.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на еден од обвинетите.

На 30.09.2019 година, постапката почна одново поради протек на 90 дена. Јавниот обвинител го прецизираше обвинението во делот на штетата.

## „ТРАНСПОРТЕР“ КОК-30/17

На 10.09.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради тоа што предметите од Специјалното јавно обвинителство се предадени на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

На 16.09.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи по барање на обвинителството, а во врска со примопредавање на предметите во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

На 23.09.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со изведување на материјални докази предложени од страна на застапникот на обвинението.

## „ЕРАЗМУС“ КОК-115/16

На 10.09.2019 година, на рочиштето за главна расправа беше вкрстено испитан заштитен сведок од страна на одбраната.

## „НАСИЛСТВО ВО ОПШТИНА ЦЕНТАР “ КБР.1904/16

На 10.09.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради тоа што предметите од Специјалното јавно обвинителство се предадени на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

На 25.09.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи од причина што предметот со сите списи е даден на увид во Судски Совет на Република Северна Македонија.

## „ТАЛИР“ КОК-3/19

На 12.09.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи по барање на одбраната, а заради утврдување на надлежно обвинителство кое ќе постапува по предметите.

## ТНТ“ КОК-53/17

На 11.09.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи по барање на јавниот обвинител од Специјалното јавно обвинителство.

На 23.09.2019 година, на рочиштето за главна расправа во фаза на доказна постапка беа испитани технички советник и 2 сведоци предложени од страна на одбраната.

## „ТОРТУРА“ КБР.1959/17

На 13.09.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на сведок.

На 26.09.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на еден од обвинетите.

## „ТИТАНИК 3“ КБР.1905/17

На 13.09.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи по барање на јавниот обвинител поради примопредавање на предметите од Специјалното јавно обвинителство во Јавно обвинителство на Република Северна Македонија.

## „ТЕНКОВСКИ ДЕЛОВИ“ КБР.1978/16

На 17.09.2019 година, постапката формално започна одново поради протек на 60 дена. На рочиштето беше испитан претставник од Министерство за одбрана, кој што се произнесе по однос на причинетата штета.

На 26.09.2019 година се одложи поради тоа што претставник од Државното правобранителство не беше подготвен за предјавување на штета.

## „МАРИГЛЕН“ КБР.1271/16

На 19.09.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на јавниот обвинител и бранител на обвинетиот.

## „ТОТАЛ“ КБР.1493/17

На 20.09.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради непотполн судечки совет.

## „МАЏАР ТЕЛЕКОМ“ КБР.817/11

На 24.09.2019 година, рочиштето за главен претрес се одложи поради отсуство на сведок.

На 30.09.2019 година, рочиштето за главен претрес се одложи поради отсуство на сведок.

## „ТАЛИР 2“ К-1413/19

На 19.09.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради неуредно полномошно на еден од бранителите.

## „ТЕНДЕРИ“ КОК-64/17

На 30.09.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на сведок.



KOALICIONI КОАЛИЦИЈА KOALICIJA
СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA
SARINE BAŠO NIJAMALO KRISIPE

# МОНИТОРИНГ БРИФ

## Правосудство:
## Актуелни судски постапки

### Коалиција „Сите за правично судење“


Ул. Македонија 11/2-10
Скопје, 1000

00 389 2 6139874
contact@all4fairtrials.org.mk


октомври, 2019

**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

Тимот на Коалиција „Сите за правично судење“

**Дизајн:**

Даниел Митковски

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## „ТЕНДЕРИ“ КОК-64/17

На 16.10.2019 година, на рочиштето за главна расправа постапката формално почна одново поради протек од 90 дена. Дополнително на истото рочиште, беше испитан и еден сведок предложен од страна на јавниот обвинител.

## „ЗМИСКО ОКО“ КОК-38/16

На 29.10.2019 година, рочиштето за главен претрес се одложи поради поднесено барање за изземање на судија.

## „БОЖИНОВСКИ“ КОК-46/19

На 07.10.2019 година, на рочиштето за главен претрес беше испитан еден сведок предложен од страна на јавниот обвинител.

## „ТРАЕКТОРИЈА“ КОК-52/17

На 08.10.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на вешто лице.

На 18.10.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со испитување на вешто лице.

## „ЛИКВИДАЦИЈА“ КОК-38/19

На 01.10.2019 година, рочиштето се одложи поради поднесен приговор од страна на одбраната, а во врска со стварната надлежност на судот и јавното обвинителство.

На 18.10.2019 година, на рочиштето за главен претрес јавниот обвинител ја изнесе содржината на обвинителниот акт, дополнително беше утврден идентитетот на обвинетите и истите беа поучени за своите права.

## „ТИТАНИК“ КОК-7/18

На 09.10.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со изведување на материјални докази предложени од страна на застапникот на обвинението.

На 17.10.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на јавниот обвинител, кој до судот има доставено писмено барање за одлагање, а поради службени обврски. Дополнително, на рочиштето беше отсустен и судија – член на судечки совет исто така поради службени обврски како и бранител по службена должност назначен за еден од обвинетите, поради тоа што истиот е ангажиран во друг предмет во исто време.

На 22.10.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со изведување на материјални докази предложени од страна на застапникот на обвинението.

На 25.10.2019 година, на рочиштето за главна расправа се продолжи со изведување на материјални докази предложени од страна на јавниот обвинител.

На 31.10.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со испитување на еден сведок предложен од страна на јавниот обвинител.

## „ШПИОН“ КОК-99/16

На 25.10.2019 година, на рочиштето за главен претрес беше сослушан еден сведок.

## „МОНСТРУМ“ КОК-66/17

На 04.10.2019 година, рочиштето за главен претрес продолжи во фаза на доказна постапка и притоа се изведуваа материјални докази – транскрипти од разговори и смс пораки предложени од страна на обвинителството.

На 10.10.2019 година, на рочиштето за главен претрес беа изведени материјални докази.

На 28.10.2019 година, на рочиштето за главен претрес се продолжи со изведување на материјални докази предложени од страна на застапникот на обвинението.

## „ТАРГЕТ/ТВРДИНА“ КОК-47/17

На 10.10.2019 година, на рочиштето за главна расправа беше испитан еден сведок предложен од страна на јавниот обвинител.

На 24.10.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со испитување на еден сведок предложен од страна на застапникот на обвинението.

## „ТРИСТА“ КОК-7/19

На 10.10.2019 година, на рочиштето за главна расправа беше испитан обвинетиот по предлог на одбраната.

На 18.10.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на завршни зборови. Притоа завршен збор дадоа странките во постапката, јавниот обвинител и одбраната.

На 22.10.2019 година, беше јавно објавена пресудата. Судот го прогласи обвинетиот за виновен и го осуди на ефективна казна затвор од 9 години.

## „ТАРИФА“ КОК-51/17

На 16.10.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на судии- претседател и член на судечки совет, а заради службени обврски.

На 17.10.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со изведување на материјални докази предложени од страна на одбраната.

## „ТРЕЗОР“ КОК-60/17

На 21.10.2019 година, поради протек од 90 дена, постапката формално започна одново со тоа што судот донесе решение со кое одлучи да се изведат материјалните докази на начин што ќе се репродуцираат аудио-видео записите од одржаните рочишта за главна расправа.

## „ТРАНСПОРТЕР“ КОК-30/17

На 01.10.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со изведување на материјални докази предложени од страна на јавниот обвинител.

На 09.10.2019 година, на рочиштето за главна расправа се продолжи со изведување на материјални докази на јавното обвинителство.

На 29.10.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка и притоа беа изведени материјални докази предложени од страна на застапникот на обвинението.

**„ЕРАЗМУС“ КОК-115/16**

На 16.10.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на јавниот обвинител.

**„ТАЛИР“ КОК-3/19**

На 03.10.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради поднесен приговор од страна на обвинителството, а во врска со предложените докази од страна на одбраната.

**„ТНТ“ КОК-53/17**

На 07.10.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка и притоа беше испитан технички советник.

На 15.10.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со испитување на технички советник.

На 24.10.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на еден од обвинетите, бранители и сведоци.

На 29.10.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка и притоа беше испитан еден сведок предложен од страна на одбраната.

**„ТИТАНИК 3“ КБР.1905/17**

На 18.10.2019 година, на рочиштето за главна расправа беше испитан еден од обвинетите на предлог на одбраната.

**„ТЕНКОВСКИ ДЕЛОВИ“ КБР.1978/16**

На 31.10.2019 година, на рочиштето за главен претрес беше испитан претставник од Државно правобранителство на РСМ, со цел истиот да се произнесе по однос на штета.

**„ТОТАЛ“ КБР.1493/17**

На 17.10.2019 година, на рочиштето за главна расправа постапката започна од почеток поради протек од 90 дена. Странките беа прашани дали остануваат на воведните говори дадени на претходните рочишта за главна расправа, а обвинетиот се произнесе по однос на вина.

На 22.10.2019 година, рочиштето за главна расправа продоложи во фаза на доказна постапка со изведување на материјални докази предложени од страна на јавниот обвинител.

**„МАРИГЛЕН“ КБР.1271/16**

На 29.10.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на бранител на обвинетиот.

**„ЛЕВИЦА“ КБР.1112/19**

На 08.10.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на јавниот обвинител, бранител и еден од обвинетите.

### „ТАЛИР 2“ КБР.1413/19

На 15.10.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради назначување на бранител по службена должност на првообвинетиот.

### „ПАНЧЕВСКИ“ КБР.242/19

На 21.10.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на обвинетиот и неговиот бранител, од причина што немало уредна достава.

### „МИЛЕНКО НЕДЕЛКОВСКИ“ КБР.1816/18

На 25.10.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на сведок заради неуредна достава.

### „РОВЕР“ КБР.2454/15

На 04.10.2019 година, на рочиштето беше испитан еден сведок, беа дадени завршни зборови од страна на странките во постапката, а дополнително истиот ден судот донесе и јавно ја објави пресудата по овој предмет. Судот донесе осудителна пресуда за 3 обвинети и им изрече казна доживотен затвор, а за останатите обвинети донесе ослободителна пресуда.

### „ТВРДИНА 2“ КБР.1129/18

На 07.10.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка и притоа беа испитани вкупно 4 сведоци предложени од страна на јавниот обвинител.

### „ТАМАРА“ КБР.930/18

На 21.10.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради тоа што јавниот обвинител побарал изземање од предметот.

На 30.10.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со испитување на 3 сведоци предложени од страна на јавниот обвинител.

### „ЛАСКАРЦИ“ КБР.1407/19

На 18.10.2019 година, на рочиштето за главна расправа оштетените се произнесоа по однос на оштетното побарување и можноста за приклучување кон кривичен прогон на обвинетите.

На 31.10.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со испитување на вкупно 7 сведоци, предложени од страна на јавниот обвинител.

### „НАСИЛСТВО ВО ОПШТИНА ЦЕНТАР “ КБР.1904/16

На 16.10.2019 година, на рочиштето за главна расправа постапката почна одново поради протек на 90 дена. Во фаза на доказна постапка беа испитани 2 сведоци предложени од страна на одбраната.

### „ТОРТУРА“ КБР.1959/17

На 09.10.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради непотполн судечки совет.

На 22.10.2019 година, постапката формално започна одново поради протек од 90 дена и промена на состав на судечки совет и притоа беа дадени воведни говори од страна на странките во постапката.

# МОНИТОРИНГ БРИФ

## Правосудство:
## Актуелни судски постапки

**Коалиција „Сите за правично судење“**

Ул. Македонија 11/2-10
Скопје, 1000
00 389 2 6139874
contact@all4fairtrials.org.mk

ноември, 2019

**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

Тимот на Коалиција „Сите за правично судење“

**Дизајн:**

Даниел Митковски

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## „ТЕНДЕРИ“ КОК-64/17

На 15.11.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со изведување на материјални докази предложени од страна на одбраната.

## „ТОПЛИК“ КОК-57/17

На 01.11.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка и притоа беа испитани двајца сведоци предложени од страна на одбраната.

## „БОЖИНОВСКИ“ КОК-46/19

На 04.11.2019 година, на рочиштето за главен претрес беше прочитан исказ на сведок даден во 2013 и 2014 година во јавно обвинителство како и пред судечки совет за време на рочиштата за главен претрес.

На 25.11.2019 година, на рочиштето за главен претрес беа испитани 2 сведоци.

## „ТРАЕКТОРИЈА“ КОК-52/17

На 13.11.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на вешто лице. Дополнително, судот со решение ја запре постапката против еден од обвинетите поради настапување на застареност на кривичното гонење.

На 21.11.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка и притоа беше испитано едно вешто лице, предложено од страна на застапникот на обвинението.

На 29.11.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со испитување на вешто лице предложен од страна на јавниот обвинител.

## „ТАРГЕТ/ТВРДИНА“ КОК-47/17

На рочиштето главната расправа продолжи во фаза на изведување докази предложени од страна на јавниот обвинител. Беше испитан еден сведок само директно од страна на јавниот обвинител.

## „ЛИКВИДАЦИЈА“ КОК-38/19

На 07.11.2019 година, на рочиштето за главен претрес беше испитан еден од обвинетите.

## „ТИТАНИК“ КОК-7/18

На 08.11.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со изведување на доказите на јавното обвинителство. Беа испитани вкупно 5 сведоци, јавниот обвинител ги испитуваше директно сведоците, додека пак одбраната и обвинетите пристапија кон вкрстено испитување.

На 14.11.2019 година, на рочиштето за главна расправа беше испитан 1 сведок предложен од страна на јавниот обвинител. Беше испитан директно од страна на јавниот обвинител и вкрстено од страна на одбраната. Истиот сведок беше предложен и од страна на одбраната да биде испитан, но бидејќи одбраната нема наведено на кои околности ќе се испитува сведокот, судот го одби овој предлог.

На 20.11.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на еден од обвинетите.

На 26.11.2019 година, во фаза на доказна постапка беа испитани 5 сведоци, предложени од страна на застапникот на обвинението.

**„ШПИОН“ КОК-99/16**

На 26.11.2019 година, рочиштето за главен претрес се одложи поради отсуство на обвинет.

**„МОНСТРУМ“ КОК-66/17**

На 04.11.2019 година, на рочиштето за главен претрес беа изведени материјални докази (транскрипти од телефонски разговори и смс пораки), по предлог на јавниот обвинител.

На 11.11.2019 година, рочиштето за главен претрес се одложи поради непотполн судечки совет.

На 27.11.2019 година, на рочиштето за главен претрес, во фаза на доказна постапка беа изведени материјални докази.

**„ТАРИФА“ КОК-51/17**

На 11.11.2019 година, на рочиштето за главна расправа во дополнение на доказна постапка беа изведени материјални докази предложени од страна на одбраната.

На 27.11.2019 година, на рочиштето за главна расправа се продолжи со изведување на материјални докази предложени од страна на одбраната во фаза на дополнение на доказната постапка.

**„ТРЕЗОР“ КОК-60/17**

На 12.11.2019 година, на рочиштето за главна расправа се продолжи со изведување на материјални докази предложени од страна на застапникот на обвинението.

На 18.11.2019 година, во фаза на доказна постапка се продолжи со изведување на материјални докази предложени од страна на јавниот обвинител.

**„ТРАНСПОРТЕР“ КОК-30/17**

На 07.11.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со изведување на материјални докази предложени од страна на застапникот на обвинението.

На 13.11.2019 година, на рочиштето за главна расправа беше испитано едно вешто лице, на предлог на јавниот обвинител.

На 21.11.2019 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани вкупно 5 сведоци предложени од страна на одбраната.

На 26.11.2019 година, во фаза на доказна постапка беа испитани 5 сведоци предложени од страна на одбраната.

**„ЕРАЗМУС“ КОК-115/16**

На 05.11.2019 година, рочиштето за главна расправа беше испитан еден заштитен сведок предложен од страна на застапникот на обвинението. Истиот е испитан директно од јавниот обвинител и вкрстено од страна на одбраната.

**„ТАЛИР“ КОК-3/19**

На 05.11.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на еден од обвинетите заради службени обврски.

**„ТНТ“ КОК-53/17**

На 06.11.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи по барање на еден од бранителите за да изврши увид во списите на предметот како нов бранител на една од обвинетите.

На 19.11.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на еден од обвинетите кој е повикан да даде исказ во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

На 25.11.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на еден од обвинетите заради влошена здравствена состојба.

На 28.11.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на еден од обвинетите заради се уште влошената здравствена состојба.

**„ТИТАНИК 3“ КБР.1905/17**

На 18.11.2019 година, на рочиштето за главна расправа, по претходно одобрение од страна на судот, беше прочитан исказ на еден од обвинетите даден во обвинителство во претходна постапка.

**„ТЕНКОВСКИ ДЕЛОВИ“ КБР.1978/16**

На 15.11.2019 година, на рочиштето за главен претрес, јавниот обвинител во завршен збор изврши прецизирање на обвинителен акт, по што настапи застареност на кривичното гонење. Одбраната сепак побара да даде завршен збор на следното рочиште.

На 22.11.2019 година, на рочиштето за главен претрес беа дадени завршни зборови од страна на обвинетите и нивните бранители. Дополнително, судот донесе решение за запирање на постапката за сите пет обвинети поради настапување на застареност на кривичното гонење.

**„ТОТАЛ“ КБР.1493/17**

На 21.11.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со изведување на материјални докази предложени од страна на застапникот на обвинението.

**„ЛЕВИЦА“ КБР.1112/19**

На 08.11.2019 година, заврши постапката и судот донесе ослободителна пресуда за обвинетиот.

**„ТАЛИР 2“ КБР.1413/19**

На 21.11.2019 година, на рочиштето за главна расправа беа дадени вовените говори од страна на странките во постапката.

**„ПАНЧЕВСКИ“ КБР.242/19**

На 18.11.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради тоа што предметот со сите списи се уште се наоѓа по жалба во Апелациониот суд.

**„ТВРДИНА 2“ КБР.1129/18**

На 18.11.2019 година, на рочиштето за главна расправа беа дадени завршните зборови од страна на обвинителството и одбраната.

На 20.11.2019 година, беше донесена осудителна пресуда за обвинетиот и изречена ефективна казна затвор во времетраење од 1 година и 6 месеци.

### „ЛАСКАРЦИ“ КБР.1407/19

На 06.11.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со испитување на 4 сведоци предложени од страна на јавниот обвинител.

На 11.11.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка и притоа беа испитани вкупно 3 сведоци предложени од страна на застапникот на обвинението.

На 13.11.2019 година, на рочиштето за главна расправа беше испитан еден сведок предложен од страна на застапникот на обвинението.

На 28.11.2019 година на рочиштето за главна расправа беше испитано едно вешто лице предложено од страна на јавниот обвинител.

### „НАСИЛСТВО ВО ОПШТИНА ЦЕНТАР “ КБР.1904/16

На 18.11.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка и притоа беше испитан технички советник на предлог на одбраната.

### „ТОРТУРА“ КБР.1959/17

На 05.11.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со изведување на материјални докази. Притоа, истото се спроведе преку презентирање на видео записник од рочиште кое претходело, од причина што постапката формално е почната од почеток, а заради протек од 90 дена. На снимката од рочиштето се гледа како се изведуваале материјални докази од страна на обвинителството. Дополнително, јавноста беше исклучена за една видео снимка. Судот не образложи по која основа ја исклучува јавноста, а во насока на тоа не дозволи ни присуство на стручна јавност.

На 20.11.2019 година, во фаза на доказна постапка се продолжи со изведување на материјални докази предложени од страна на јавниот обвинител.

На 27.11.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со изведување на материјални докази, предложени од страна на јавниот обвинител.

### „МАЏАР ТЕЛЕКОМ“ КБР.817/11

На 19.11.2019 година, рочиштето за главен претрес се одложи поради непотполн судечки совет.

На 28.11.2019 година, рочиштето за главен претрес се одложи поради отсуство на јавниот обвинител.

### „ПИНО СЕКОНДО“ КБР.1878/19

На 15.11.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи на барање на одбраната поради недоволно време за спремање на одбраната.

На 27.11.2019 година, на рочиштето за главна расправа беа дадени воведните говори од страна на јавниот обвинител и бранителот на обвинетата. Дополнително, во фаза на доказна постапка беше испитан и еден сведок, предложен од страна на јавниот обвинител.

# МОНИТОРИНГ БРИФ

## Правосудство:
## Актуелни судски постапки


**Коалиција „Сите за правично судење“**

Ул. Македонија 11/2-10

Скопје, 1000

00 389 2 6139874

contact@all4fairtrials.org.mk



декември, 2019

**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

Тимот на Коалиција „Сите за правично судење“

**Дизајн:**

Даниел Митковски

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## „ТЕНДЕРИ“ КОК-64/17

На 17.12.2019 година, на рочиштето за главна расправа во фаза на доказна постапка беа испитани 2 сведоци предложени од страна на одбраната.

## „ТОПЛИК“ КОК-57/17

На 03.12.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка и притоа беа испитани тројца сведоци предложени од страна на одбраната.

## „БОЖИНОВСКИ“ КОК-46/19

На 24.12.2019 година, во фаза на доказна постапка беа изведени материјални докази предложени од страна на одбраната.

## „ТРАЕКТОРИЈА“ КОК-52/17

На 19.12.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на еден од обвинетите поради тоа што истиот во исто време бил спроведен на друго судење.

## „ТАРГЕТ/ТВРДИНА“ КОК-47/17

На 12.12.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка и притоа беше испитан еден сведок предложен од страна на застапникот на обвинението.

## „ЛИКВИДАЦИЈА“ КОК-38/19

На 05.12.2019 година, рочиштето за главен претрес продолжи во фаза на доказна постапка со испитување на двајца сведоци предложени од страна на застапникот на обвинението.

## „ТИТАНИК“ КОК-7/18

На 04.12.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со испитување на тројца сведоци предложени од страна на застапникот на обвинението.

На 16.12.2019 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани вкупно 4 сведоци предложени од страна на јавниот обвинител.

На 26.12.2019 година, во фаза на доказна постапка беше испитан 1 сведок предложен од страна на застапникот на обвинението.

## „ШПИОН“ КОК-99/16

На 23.12.2019 година, поради отсуство на еден од обвинетите судот донесе решение за раздвојување на постапката по однос на овој обвинет и наредба за негово стражарно спроведување за наредното рочиште, а по однос на останатите обвинети, постапката продложи во фаза на завршни зборови.

## „МОНСТРУМ“ КОК-66/17

На 12.12.2019 година, во фаза на дополнение на доказна постапка беа изведени материјални докази предложени од страна на јавниот обвинител.

**„ТАРИФА“ КОК-51/17**

На 11.12.2019 година, на рочиштето за главна расправа беа дадени завршните зборови од страна на јавниот обвинител и дел од одбраната.

На 13.12.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на завршни зборови и притоа истите беа дадени од страна на одбраната, односно обвинетите и нивните бранители.

На 27.12.2019 година судот јавно ја објави пресудата. Судот донесе осудителна пресуда и на обвинетите им определи ефективна казна затвор во траење од 3 години.

**„ТРЕЗОР“ КОК-60/17**

На 10.12.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка и притоа беа изведени материјални докази предложени од страна на застапникот на обвинението.

**„ТРАНСПОРТЕР“ КОК-30/17**

На 02.12.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на една од обвинетите. До судот од страна на нејзиниот бранител е доставена медицинска документација, со која се потврдува дека истата заради здравствени причини не била во можност да присуствува на рочиштето.

На 05.12.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка и притоа беше испитано едно вешто лице предложено од страна на одбраната.

На 12.12.2019 година, во фаза на доказна постапка беше испитан првообвинетиот и еден сведок предложен од страна на одбраната на второобвинетиот.

На 17.12.2019 година, на рочиштето за главна расправа беше испитан еден од обвинетите и 4 сведоци предложени од страна на одбраната.

На 24.12.2019 година, на рочиштето за главна расправа беше прочитан исказ не еден од обвинетите даден во претходна постапка и дополнително беа испитани 3 сведоци предложени од страна на одбраната.

**„ЕРАЗМУС“ КОК-115/16**

На 10.12.2019 година, во фаза на доказна постапка беше испитан еден сведок предложен од страна на застапникот на обвинението.

На 23.12.2019 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани 2 обвинети на предлог на одбраната.

**„ИЗГРЕВ“ КОК-88/15**

На 04.12.2019 година, во фаза на доказна постапка беа изведени материјални докази.

**„ТАЛИР“ КОК-3/19**

На 13.12.2019 година, на рочиштето за главна расправа се одложи и притоа странките во постапката расправаа по однос на листите на докази кои што се приложени до судот.

**„ТНТ“ КОК-53/17**

На 18.12.2019 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани 2 сведоци предложени од страна на застапникот на обвинението.

На 19.12.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на 3 бранители на обвинетите.

На 20.12.2019 година, на рочиштето за главна расправа беше испитан еден обвинет на предлог на одбраната.

На 23.12.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на еден од обвинетите поради здравствени причини.

На 24.12.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на еден од обвинетите поради здравствени причини.

### „РЕКЕТ“ КОК-116/19

На 03.12.2019 година, на рочиштето за главна расправа беа дадени воведни говори од странките во постапката. Притоа, еден од обвинетите призна вина и за него се раздвои постапката.

На 06.12.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со испитување на еден сведок предложен од страна на јавниот обвинител и одбраната.

На 10.12.2019 година, во фаза на доказна постапка беа испитани двајца сведоци предложени од страна на јавниот обвинител и одбрнаната.

На 25.12.2019 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани 3 сведоци.

### „УБК“ КОК.89/19

На 17.12.2019 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани 2 сведоци предложени од страна на застапникот на обвинението.

### „ТИТАНИК 3“ КБР.1905/17

На 04.12.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на сведок, кој се наоѓа во странство и за чие сослушување е испратено барање до надлежните органи за достава на покана и барање за достапност да се овозможи видеоконференција со сведокот, меѓутоа по однос на истите нема повратен одговор до судот.

### „ТАЛИР 2“ КБР.1413/19

На 24.12.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на 2 бранители.

### „ПАНЧЕВСКИ“ КБР.242/19

На 24.12.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради тоа што предметот со сите списи се уште се наоѓа во Апелациониот суд Скопје, кој што треба да одлучи по однос на жалбата на обвинетиот а во врска со решението за надлежност на Основниот суд во Велес.

### „ЛАСКАРЦИ“ КБР.1407/19

На 24.12.2019 година, на рочиштето за главна расправа во фаза на доказна постапка беа испитани 2 вешти лица, вкрстено од страна на одбраната и дополнително од страна на застапникот на обвинението.

**„НАСИЛСТВО ВО ОПШТИНА ЦЕНТАР “ КБР.1904/16**

На 06.12.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка и притоа беа изведени материјални докази предложени од страна на застапникот на обвинението.

На 25.12.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со изведување на материјални докази.

**„ТОРТУРА“ КБР.1959/17**

На 02.12.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со изведување на материјални докази предложени од страна на застапникот на обвинението.

На 06.12.2019 година, во фаза на доказна постапка се продолжи со изведување на материјални докази предложени од страна на јавниот обвинител.

**„МАРИГЛЕН“ КБР.1271/16**

На 02.12.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на бранителот на обвинетиот, за што истиот има доставено писмено барање за одлагање.

**„ТАМАРА“ КБР.930/18**

На 02.12.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со испитување на двајца сведоци предложени од страна на јавниот обвинител.

На 16.12.2019 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани 3 вешти лица и 1 сведок предложени од страна на застапникот на обвинението.

**„ТОТАЛ“ КБР.1493/17**

На 03.12.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на бранителот на обвинетиот.

На 05.12.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на вешто лице кое се уште се наоѓа во странство.

**„МИЛЕНКО НЕДЕЛКОВСКИ“ КБР.1816/18**

На 13.12.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи на барање на одбраната поради доставени нови писмени докази до судот и одбраната.

**„ПИНО СЕКОНДО“ КБР.1878/19**

На 18.12.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка и притоа беа испитани 2 сведоци предложени од страна на застапникот на обвинението.

На 25.12.2019 година, во фаза на доказна постапка беше испитан 1 сведок предложен од страна на јавниот обвинител.